РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 29. 08. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Ед. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 1К | 154 | | |


( Образец ПП……)

**До: ОПШТИНА БИТОЛА, Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина, Градоначалник на Општина Битола**

–

**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Листа на субјекти на кои во календарската 2025 година, заклучно до денес 29.08.2025 им е издадено решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина од страна на надлежниот орган во Општина Битола (опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) **препис**
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго [redacted]

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во 29.08.2025 година .**

[redacted]

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, [redacted]
тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за животна средина

Бр.11-154/2
03.09.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-154/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
9.09.2025

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
бр.11-154/3 од 11.09.2025 година, Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 15.09.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 154/3 | | |

До
Емилија Илиевска
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер, предмет бр.11-154/1 од 29.08.2025год.

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.11-154/1 од 29.08.2025год, испратено до Општина Битола од страна на [redacted] Ве информираме дека:

Правни или физички лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои, согласно со Законот за заштита на животната средина и прописите донесени врз основа на овој закон, се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Исто така, постојните правни и физички лица кои вршат дејности и активности определени со Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат се должни да изработат елаборат или да го изменат постојниот елаборат со цел да го усогласат своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии.

Градоначалникот на Општина Битола како надлежен орган за одобрување на елаборати согласно со видовите на дејноста или активноста утврдени со горенаведената Уредба, во календарската 2025 година, заклучно со 29.08.2025год, има издадено вкупно 8 Решенија за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина на територија на Општина Битола.

Со почит,
Изработил: Катерина Секулоска

Раководител на Одделение за УП и ЗЖС

м-р Валентина А. Кривашија диа

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи

Одделение за административни и општи работи

Бр.11-154/4
17.09.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **29.08.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-154/2025** од **29.08.2025 година**, во врска со информации за листа на субјекти на кои во календарската 2025 година, заклучно со денес 29.08.2025 им е издадено решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина од страна на надлежниот орган во Општина Битола.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-154/2025 на ден 29.08.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации за листа на субјекти на кои во календарската 2025 година, заклучно со денес 29.08.2025 им е издадено решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина од страна на надлежниот орган во Општина Битола.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-154/1 од 29.08.2025.
2. Допис до Одделение за животна средина бр.11-154/2 од 03.09.2025.
3. Одговор од Одделение за животна средина бр.154/3 од 15.09.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 17.09.2025 година, под бр. 11-154/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Емилија Илиевска

______________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА